# GUN CONTROL PROBLEMS IN THE UNITED STATES OF AMERICA

**Jovana Loleska**
American University of Europe-FON, Republic of North Macedonia
jovanaloleska7@gmail.com

**Abstract**: Numerous organizations and media outlets have been tracking public opinion on gun control in the United States of America for more than twenty years. Over the last twenty years there have been various proposals for gun control in the United States of America. The biggest tragedies are school shootings, concerts, public gatherings, parades and religious gatherings that stir up and divide public opinion. Despite this, there is an increase in such developments in countries that take even more drastic measures compared to the United States of America. Gun regulation requires a great deal of room for compromise despite the differing political views of politicians and political parties in the United States of America. In this paper, we will analyze the opinion of gun owners, the consequences of not having control over armed civilians and the sale of weapons without a registry and legal norms that regulate the sale and possession of weapons. The purpose of this paper is to understand the general concern of the American and world public about the problem of the uncontrolled arming of citizens in the United States of America and how this problem is increasing day by day, without any plan to find a concrete solution by the government of United States of America. The dilemma is the regulation and control of weapons in the United States of America and its impact on the real state of this problem in terms of the statistics and the amount of weapons circulating in the United States of America and the victims of these weapons which are largely unregulated. This problem has been running through the history of the United States of America for many years, and the non-governmental organizations and governmental organizations of the United States of America are still divided on this issue and there is no sign of a mutual solution in the near future that would bring both political parties and numerous non-governmental organizations satisfied. This lack of interest and failure to address this problem leads to the fact that the United States of America is the country with the highest number of guns per capital, and consequently the fact that it has the highest gun deaths per capital. The methods used in this paper are literature reviews of statistical data from multiple surveys of various types of organizations, individuals, and instruments in this research are sources published in public publications and research papers of multiple organizations, individuals, and media. Given the scale of gun violence and the frequency of firearm use in the United States of America, there is a critical need to find a solution. Instruments in the research are the secondary sources available in publications and research papers of several organizations and media, as well as review of statistical data from several surveys.
**Keywords:** United States of America, weapons, control, solution, political view.

# ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

**Јована Лолеска**
Американски Универзитет на Европа-ФОН,Скопје, Република Северна Македонија,
jovanaloleska7@gmail.com

**Резиме:** Бројни организации и медиуми веќе повеќе од дваесет години го следат јавното мислење за контролата на оружје во Соединетите Американски Држави. Во последните дваесет години постојат разни предлози за контрола на оружјето во Соединетите Американски Држави. Најголемите трагедии се пукотници во училишта, концерти, јавни собирања, паради и религиозни собири кои го разбрануваат и делат мислењето на јавноста. И покрај тоа постои раст на ваквите случувања и во земјите кои преземаат и подрастични мерки во споредба со Соединетите Американски Држави. Регулирањето на оружјето бара голем простор за компромис и покрај различните политички ставови на политичарите и политичките партии во Соединетите Американски Држави. Во овој труд ќе правиме анализа на мислењето на сопствениците на оружје, последиците од немањето контрола врз наоружаните цивили и продажба на оружје без да постои регистар и законски нормативи кои ја регулираат продажбата и поседувањето на оружје. Целта на овој труд е да се разбере општата загриженост на американската и светска јавност околу проблемот со неконтролираното наоружување на граѓаните во Соединетите Американски Држави и како овој проблем се зголемува од ден на ден, без никаков план за изнаоѓање на конкретно решение од страна на власта на

Соединетите Американски Држави. Дилемата е регулацијата и контрола на оружјето на Соединетите Американски Држави и нејзиното влијание врз реалната состојба на овој проблем во однос на статистиката и количината на оружјето која циркулира во Соединетите Американски Држави и жртвите од ова оружје кое во голем процент е нерегулирано. Овој проблем се провлекува низ историјата на Соединетите Американски Држави долги години, а невладините и владините организации на Соединетите Американски Држави сеуште се поделени по ова прашање и нема знаци за донесување на взаемно решение во блиска иднина со кое двете политички партии и бројните невладини организации би биле задоволни. Оваа незаинтересираност и не носење на решение на овој проблем носи до фактот дека Соединетите Американски Држави се земја со најголем број на оружје по глава на жител, и следствено доаѓа фактот дека има најголема смртност од оружје по глава на жител. Со оглед на обемот на оруженото насилство и зачестеноста на употребата на огнено оружје во Соединетите Американски Држави, постои суштинска потреба да се најде решение. Инструменти во истражувањето се секундарните извори достапни во публикации и истражувачки трудови на неколку организации и медиуми, како и преглед на статистички податоци од повеќе истражувања.
**Клучни зборови:** Соединети Американски Држави, оружје, контрола, решение, политички став.

## 1. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Јавното мислење за контролата на оружјето во Соединетите Држави го следат бројни организации, јавни личности и медиуми повеќе од 20 години. Во однос на политиките за оружје јасно е дека оваа тема е секогаш присутна и е крајно променлива што секако влијае на американското мислење во текот на годините. Во последните дваесет години постојат различни предлози за контрола на оружјето преку билатерална акција. Наспроти ваквиот тренд се случија големи трагедии кои го разбрануваа јавното мислење. Повеќето трагедии се пукотници во училиштата. Евидентно е дека и покрај тоа постои одреден раст во државите кои преземаат подрастични мерки во однос на контролата на оружјето. Сепак, и покрај различните ставови на политичарите, дебатата за регулирање на оружјето бара простор за компромис, заснован на политики кои би можеле да помогнат во контролата на оруженото насилство со минимално влијание врз мнозинството сопственици на оружје.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој труд ќе биде направена анализа на мислењето на сопствениците на оружје, последиците од немањето контрола врз наоружувањето на цивилите и продажбата на оружје без соодветен регистар и законски норми. Целта на трудот е да се разбере општествената загриженост на американската, па и светската јавност околу проблемот со неконтролираното наоружување на граѓаните на Соединетите Американски Држави и колку овој проблем се зголемува од ден на ден, без реално изнаоѓање на вистинско решение. Како основна дилема во овој труд е колку регулацијата и контролата на оружјето на Соединетите Американски Држави има влијание врз реалната состојба со овој проблем во однос на статистичките податоци за количина на оружје која циркулира и жртвите од огнено оружје. Како метод на истражувањето ќе биде претставен литературен преглед на статистички податоци од повеќе истражувања. Инструменти во истражувањето се секундарните извори достапни во публикации и истражувачки трудови на неколку организации и медиуми.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во март 2018 година, стотици илјадници млади луѓе марширале кон главниот град на Соединетите Американски Држави, Вашингтон, за да се залагаат за построга контрола на продажбата и поседувањето оружје. “Маршот за нашите животи“ првично беше организиран од ученици од средното училиште Марџери Стоунман Даглас во Паркленд, Флорида, каде при пукање во училиштето биле убиени 17 ученици. Колективно, ваквиот марш бил најголемиот протест против оруженото насилство и еден од најголемите протести од кој било вид во американската историја.

Во текот на годината во однос на прашањето на проблемот со оружјето, 26 држави донеле 67 различни закони за зајакнување на контролата на оружјето, во напорите водени и поддржани од страна на демократските и републиканските јавни функционери. Меѓу нив биле законите кои ги зголемуваат периодите на чекање и воспоставуваат повисоки минимални старосни граници за купување огнено оружје. И покрај тие промени, сепак, имало забележителен недостаток на нови федерални закони за безбедност на оружјето донесени по протестот. Мерката усвоена од Претставничкиот дом со која се барала проверка на заднината на сите купувачи на оружје (вклучително на изложбите на оружје и преку Интернет) не се усвоила во Сенатот. Всушност, Конгресот немал усвоено поголем закон за оружје во последните децении. Овие

трендови ја рефлектирале кризата со безбедноста на оружјето во Соединетите Американски Држави и покрај огромната поддршка за заштита на јавната безбедност во контекст на правата на оружје преку зголемена регулатива за продажба и сопственост на оружје, напорите за подобрување на безбедноста на оружјето постојано биле спречени од бескомпромисниот став на лобистите за оружје предводена од Националната асоцијација за оружје. Дебатата за значењето и барањата на Вториот амандман „правото на носење оружје" ги навело лобистите за правата на оружјето да тврдат дека правото на поседување огнено оружје е практично чеовеково право. Сепак, Соединетите Американски Држави далеку ги надминале другите земји со смртни случаи поврзани со огнено оружје, вклучувајќи самоубиства, убиства и смртни случаи од несреќен случај. Со оглед на обемот на оруженото насилство и зачестеноста на употребата на огнено оружје во САД, постоела  суштинска потреба да се најде решение. Вториот амандман бил со подеднаква важност и кон јавната безбедност на своите граѓани.

Секоја година, 36.000 Американци биле убиени со оружје. Речиси половина од Американците (44%) познаваат некој кој бил застрелан, намерно или случајно. Иако не било изненадувачки, Соединетите Американски Држави имале повисока стапка на жртви од огнено оружје во споредба на другите нации, со стапка од 11,2 на 100.000 луѓе, за разлика од Швајцарија која имала 2,8 смртни случаи на 100.000 луѓе. Анализата на податоците за смртноста од Светската здравствена организација во 2010 година открила дека Американците имаат 25 пати поголеми шанси да умрат од убиство со оружје, и 10 пати поголема веројатност да умрат од каква било смрт со оружје, отколку граѓани на други држави. Како фрапирачки податок било тоа што всушност, 61% од смртните случаи со оружје се самоубиства, додека само 35% се убиства.

Иако дебата за контрола на оружјето се засилила од 2010 година па наваму, јасно било дека постојат различни мислења околу ова многу важно прашање. Мнозинството граѓани сепак поддржувале построги закони за оружје.  Истражувачкиот центар Пју дошол до сознание дека мнозинството (53%) од граѓаните кажале дека е поважно да се „контролира поседување оружје" отколку да се „заштитаат правата на Американците да поседуваат пиштоли„. Но проблемот настанал кога постои и поделба меѓу партиите за овие прашања, при што 80% од републиканците се залагале за правата на оружјето, додека само 21% од демократите покажале сличен став. Според истражувањето, партиииите единствено се согласиле, дури 91% во однос на ограничувањето на купувањето оружје од страна на оние со ментална болест. Слично мнозинство од 88% од испитаниците го поддржале затворањето на таканаречената „gun-show loophole" што дозволува приватна продажба на оружје без проверка на потеклото.

Зголемениот консензус околу потребата од некои практични закони за контрола на оружјето, барал реални и применливи закони за регулирање на продажбата и сопственоста на огнено оружје, наспроти Националната асоцијација за оружје, која во последните години алармирала дека демократите треба или да го одземат оружјето или конечно да воспостават национален регистар за сопственост на огнено оружје. Оруженото насилство во САД , заедно со високите стапки на поседување оружје биле високи стапки на овој тип на насилство.

Сопственоста на оружје во САД била многу загрижувачка во однос на остатокот од светот. Ако се знае дека 3 од секои 10 Американци или 32% поседувале едно парче,  37% поседувале помеѓу 2 и 4 огнени оружја,  а 29% поседуваат најмалку 5,  тогаш јасно е дека многу  парчиња оружје се концентрирани кај релативно мал процент од Американско население. Овие сопственици на оружје, според анкетите, демографски биле претежно бели луѓе, постари и луѓе кои живееле во руралните средини. Мнозинството сопственици на оружје ја навеле заштитата (67%) како нивна примарна причина за поседување оружје, додека помал број на сопственици на оружје навеле лов (38%), спортско гаѓање (30%), колекционерство (13%), или работа (8%). Пандемијата со Ковид 19 предизвикала скок во продажбата на оружје во САД, при што се проценило дека меѓу март и јуни 2020 година биле купени околу 3 милиони оружје повеќе од просекот. Ваквата ситуација се сметала дека не е само последица од карантинските мерки, туку и зголемената загриженост по убиството на Џорџ Флојд. Иако поседувањето оружје било поголемо кај населението во поконзервативните земји, овој скок всушност се случил во полибералните држави поради протестите што следеле по овој контраверзен случај.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Проблемот со оружјето во САД е проблем кој се провлекува низ американската историја со години. И невладините организации и политичките партии се секогаш на две страни по ова прашање. Но токму неконзистентноста во однос на едно целосно решение доведува до тоа да САД се земја со најголем број оружје по човек, но и со најголем процент на смрт со оружје по човек.

Според одредени анкети во 2019 година 60% од Американците поддржуваат построги закони за оружје. Уште поголем процент од Американците, 85%, се загрижени за насилството со огнено оружје. Ваквите бројки и сите статистички податоци прикажани во трудот ја потврдуваат хипотезата дека е потребно целосно и трајно решение за проблемот со оружје во САД.

Одговорност на владата да ги заштити своите граѓани и Одговорноста за заштита на јавната безбедност во САД е поделена помеѓу државните влади и федералната влада. Заштитата на „животот, слободата и потрагата по среќа“ изразена во Декларацијата за независност е примарна одговорност на двете влади. Американската ратификација на меѓународните договори за човекови права, како што е Меѓународниот пакт за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ратификуван во 1994 година) и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ратификуван во 1992 година), го пренесува „правото на живот и телесен интегритет“ од меѓународното право во правото на САД. Одговорноста на федералната и државната влада за заштита на граѓаните според овие договори теоретски би можела да ги принуди САД да го контролираат огненото оружје преку прописите за употреба и поседување оружје.

## 5. ПРЕПОРАКИ

За решавање на проблемот со оружјето во Соединетите Американски Држави, се препорачува комплексен пристап кој вклучува измена на законите за контрола на оружјето, поддршка за програми за ментално здравје, образование на граѓаните за безбедно поседување и користење на оружје, како и инвестиции во истражување и технологија што може да допринесе кон безбедноста. Потребно е и засилување на контролата на приватните продажби на оружје и затворање на законските "лулупи" кои овозможуваат лесен пристап до оружје. Важно е да се создаде рамка за дијалог и соработка помеѓу различните заинтересирани страни, вклучувајќи граѓански организации, политички партии, и институции за правда и безбедност, за да се постигне согласност и да се најдат одговарачки решенија кои ги заштитуваат правата и безбедноста на сите граѓани.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Giffords Law Center . (2020), Gun Violence Statistics Available at: https://lawcenter.giffords.org/facts/gun-violence-statistics/ accessed (7 March 2022)

Gun Control, Explained. *The New York Times.* Available at: https://www.nytimes.com/explain/2023/gun-control accessed (7 March 2024)

Ingraham, C. (2018),There Are More Guns Than People in the United States, *According to a New Study of Global Firearm Ownership. Washington Post, 19 June 2018* Available at: https://www.washingtonpost.com/news/wonk/wp/2018/06/19/there-are-more-guns-than-people-in-the-unit-ed-states-according-to-a-new-study-of-global-firearm-ownership/accessed (7 March 2022)

Laughland, O., Beckett, L. (2018), “March for Our Lives: Thousands Join Anti-Gun Protests Around the World“,The *Guardian, 25 Mar. 2018* Available at: https://www.theguardian.com/us-news/2018/mar/24/washington-march-for-our-lives-gun-violence accessed (7 March 2022)

McGee ZT., Logan, K, Samuel J., Nunn, T. (2017), *A multivariate analysis of gun violence among urban youth: The impact of direct victimization, indirect victimization, and victimization among peers.* Cogent Social Sciences

Parker, K, et al. (2017), America’s Complex Relationship with Guns: An In-Depth Look at the Attitudes and Experiences of US Adults. Social and Demographic Trends, *Pew Research Center, 22 June 2017*Available at: https://www.pewsocialtrends.org/2017/06/22/americas-complex-relation-ship-with-guns/accessed (7 March 2022)

Ray, R., Shankman,R. (2020), How COVID-19 Is Changing the Gun Debate.*Brookings, 17 June 2020*Available at: https://www.brookings.edu/accessed (10 March 2022)

Schaeffer, K. (2019), Share of Americans Who Favor Stricter Gun Laws Has Increased Since 2017.*” FactTank, Pew Research Center, 16 Oct. 2019,* Available at: https://www.pewresearch.org/fact-tank/2019/10/16/share-of-americans-who-favor-stricter-gun-laws-has-increased-since-2017/ accessed (10 March 2022)

Suess, J. (2018), RA: ‘Revolt at Cincinnati’ Molded National Rifle Association. *Cincinnati Enquirer, 8 Mar. 2018* Available at: https://www.cincinnati.com/story/ accessed (10 March 2022)

The Science is Clear: Gun Control Saves Lives. *Scientific America.* Available at: https://www.scientificamerican.com/article/the-science-is-clear-gun-control-saves-lives1/ accessed (7 March 2024)